**Република Македонија**
**Државна изборна комисија**

# ЗАПИСНИК
## *ОД 102 –ТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА*

## *ОДРЖАНА НА 06 МАЈ 2014 ГОДИНА*

**ЗАПИСНИК**
**од сто и втората седница на Државната изборна комисија**

Сто и втората седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 06 мај 2014 година ( вторник ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 13:40 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам.Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

**1. Разгледување и усвојување на Записникот од 101 – та Седница на ДИК одржана на 02.05.2014 година;**
**2. Објавување на конечни резултати од предвремените парламентарни избори за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, 2014 година со Предлог Заклучок;**
**3. Предлог Извештај за спроведените избори за Претседател на Република Македонија, одржани на 13 и 27 април 2014 година;**
**4. Предлог Извештај за спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 27 април 2014 година;**
**5. Разно.**

Се отвори расправа по вака предложениот дневен ред.

Никој не побара збор и предложениот дневниот ред е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на дневниот ред на 102 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Разгледување и усвојување на Записникот од 101 – та Седница на ДИК одржана на 02.05.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори расправа по Записникот од 101 – та Седница на ДИК. Никој не се јави за збор и Записникот е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Записникот од 101 – та Седница на ДИК одржани на 02.05.2014 година.**

**Точка 2:**

**Објавување на конечни резултати од предвремените парламентарни избори за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, 2014 година со Предлог Заклучок;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека на спроведените избори за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година Државната изборна комисија, врз основа на записниците од Општинските изборни комисии (Обрасци број 21 и 21 гс/1 ) ги објавува конечните резултати:

Вкупен број на избирачи запишани во Избирачкиот список изнесува - 1.780.128

Вкупен број на избирачи кои гласале – 1.120.744

Процент на избирачи кои гласале – 62,96%

Вкупен број на неупотребени гласачки ливчиња –659.397

Вкупен број на важечки гласачки ливчиња – 1.083.090

Вкупен број на неважечки гласачки ливчиња – 37.654

Процент на неважечки гласачки ливчиња од избирачи кои гласале – 3,36%

Распределбата на мандатите за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија според бројот на вкупните гласови што ги добиле листите на кандидати одделно врз основа на сумираните резултати од Општинските изборни комисии за Избирачките места во Изборните единици за кои се надлежни, се прикажани во табеларен преглед по Изборни единици, кој е составен дел на Заклучокот.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, ги прочита по Изборни единици ( од 1 до 9 ) добиените гласови и освоените мандати по листи.

Државната изборна комисија ќе издаде уверение на кандидатите избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија.

Се отвори дискусија. Никој не се јави за збор.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, го стави Предлог Заклучокот за објавување на конечни резултати и распределба на мандати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Заклучокот за објавување на конечни резултати и распределба на мандати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 3:**

**Предлог Извештај за спроведените избори за Претседател на Република Македонија, одржани на 13 и 27 април 2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, даде краток вовед за хронологијата како се одвиваа претседателските избори кои се одржаа на 13 април ( првиот изборен круг ) и на 27 април 2014 година ( вториот изборен круг ).

Се отвори дискусија. Никој не се јави за збор.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, го стави Предлог Извештајот за спроведените избори за Претседател на Република Македонија, одржани на 13 и 27 април 2014 година, на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Извештајот за спроведените избори за Претседател на Република Македонија, одржани на 13 и 27 април 2014 година.**

**Точка 4:**
**Предлог Извештај за спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 27 април 2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, даде вовед во врска со содржината на Предлог Извештајот за спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 27 април 2014 година. Кажа дека Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 27 април 2014 година ги спроведоа Државната изборна комисија, 80 општински изборни комисии и 3515 Избирачки одбори. Прочитани се по Изборни единици ( од 1 до 9 ), по утврдени листи на кандидати, бројот на добиени гласови и бројот на освоените мандати. Потоа се прочитани по име и презиме сите 123 избрани пратеници во Собранието на Република Македонија. Во текот на утрешниот ден ќе бидат врачени уверенијата на избраните пратеници.

Се отвори дискусија. Никој не се јави за збор.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, го стави Предлог Извештајот за спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 27 април 2014 година, на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Извештајот за спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 27 април 2014 година.**

**Точка 5:**
**Разно**

По точката "Разно" никој не се јави за збор. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека е дневниот ред исцрпен и ја затвори сто и втората Седница на ДИК. Се заблагодари на сите присутни.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**102-тата Седница на Државната изборна комисија заврши во 14:15 часот.**

**Број** 07-2257/2
15.05.**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**